Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-811/1
08 07 2024 год.
Скопје

Врз основа на член 114, став 3 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018, „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021 и 58/2024), член 63, став 4 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година) и член 35 и член 63, став 1, точка 2 и точка 5 и став 3 од Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (Универзитетски гласник бр. 556/2021), Деканот на Факултетот го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

1. На студентите запишани на прв циклус студии на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заклучно со учебната 2017/18 година, а кои не извршиле упис на семестар во учебната 2023/24 година, им престанува статусот на студент заклучно со 30.09.2024 година.

2. На студентите запишани на втор циклус студии на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заклучно со учебната 2017/18 година, а кои не извршиле упис на семестар во учебната 2023/24 година, им престанува статусот на студент заклучно со 30.09.2024 година.

3. Статусот на студент може да биде обновен по барање на студентот, со соодветен надомест утврден со одлука од Наставно-научниот совет, кое се поднесува преку архивата на Факултетот до Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, на пропишан образец. Кон барањето студентот приложува индекс, уверение за положени испити и молба за признавање на испити.

4. Студентите кои ќе поднесат барање за обновување на статусот студент, ќе продолжат да студираат по студиска програма која се применува во тековната учебна година кога е поднесено барањето.

5. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

6. По еден примерок од решението да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страницата на Факултетот и архивата на Факултетот.

7. Се задолжува советникот за ИКТ на Факултетот, решението да го достави во електронска форма на студентите на прв циклус и на втор циклус студии на Факултетот, запишани заклучно со учебната 2017/18 година, а кои не извршиле упис на семестар во учебната 2023/24 година.

ДЕКАН,

Проф. д-р Сашо Георгиевски